РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-777/4
27.07.2022 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-777/1 од 28.06.2022 година за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани кои се градат на земјиште на к.п.бр.886 КО Гиновци, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани кои се градат на земјиште на к.п.бр.886 КО Гиновци, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани кои се градат на земјиште на к.п.бр.886 КО Гиновци, Општина Ранковце со тех.број 97/22 од јуни 2022 година, изработена од РЕСУРС ЛТДИ ДООЕЛ Кавадарци.

## Образложение

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-777/1 од 28.06.2022 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани кои се градат на земјиште на к.п.бр.886 КО Гиновци, Општина Ранковце со тех.број 97/22 од јуни 2022 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, изврши увид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно заверено на нотар Анета Петровска Алексова во Скопје под број УЗП 2951/2022 од 04.03.2022 година.
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани кои се градат на земјиште на к.п.бр.886 КО Гиновци, Општина Ранковце со тех.број 97/22 од јуни 2022 година, изработена од РЕСУРС ЛТДИ ДООЕЛ Кавадарци;

3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08-220/03 од 21.04.2022 година, изработен од ТДГР „ГЕО ТИМ 2021" ДООЕЛ Куманово.
4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-30/2022 од 21.04.2022 година.
5. Услови за планирање на просторот за изработка на со тех.број Y19922 од јуни 2022 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 1084/2022 од 15.06.2022 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, ou=Oddelenie za urbanizam, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=173169, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2022.07.27 09:59:10 +02'00'

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2022.07.27 10:00:13 +02'00'